NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

This project is cofounded by EU
Проектот е кофинансиран од ЕУ



# СОВЕТИ ОД 30 ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ

EU with YOU

Здружение на БИЗНИС ЖЕНИ

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

MIRO FOUNDATION

# „СОВЕТИ ОД 30 ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ“

**Национална платформа за женско претприемништво**

**ПОСВЕТА**

*ДО СИТЕ ЖЕНИ КОИ СЕ ОСМЕЛУВААТ ДА СОНУВААТ:*

*Бидете храбри.*

*Борете се силно.*

*Размислувајте на големо.*

*Поврзете се и соработувајте со другите.*

*Планирајте.*

*Не се откажувајте.*

*Остварете ги вашите сништа!*

Скопје, ноември 2022 година

Документот е изработен со поддршка на Европската Унија. За содржината одговара авторот, Здружението на бизнис жени во соработка со Фондација за менаџменти индустриско истражување и Сојуз на Стопански комори и истиот не ги изразува гледиштата на ЕУ.

## ПРЕДГОВОР

Жените претприемачи ја претставуваат најбрзо-растечката категорија на претприемништво на глобално ниво и значително придонесуваат за создавање на нови работни места, зголемување на БДП и економски развој. Основањето на сопствен бизнис е важен извор на лични приходи, вработување, иновации и економски раст.

Жените во општеството имаат голем, сè уште неискористен потенцијал. Истражувањата покажуваат дека жените ги надминуваат мажите во бројни лидерски вештини, како што се: тимска работа, иновативност и решавање на проблеми.

Личната мотивација и условите за водење на бизнис се директно поврзани со намерата да се отвори сопствен бизнис. Националната платформа за женско претприемништво ги лоцираше клучните мотивациски и факторите од опкружувањето кои влијаат на женското проетприемништво кај нас.

Главна мотивација за жените да започнат сопствен бизнис е желбата за поголема независност, можноста за поголема заработка и подобрата рамнотежа меѓу професионалниот и приватниот живот. Жените, од почнување сопствен бизнис најмногу ги одвраќа немањето пристап до финансирање под поволни услови, неволноста да се преземе ризик и ниската самодоверба. Најчести предизвици со кои се соочуваат жените претприемачи се тешкотии во пристап до финансирање, недостиг на поддршка од соодветните државни институции и обврските за грижа за членови на семејството.

Преку развој на еднакви можности за женското претприемништво, жените ќе учествуваат во намалување на јазот во поседувањето на богатсво кој постои помеѓу родовите.

Податоците укажуваат дека се потребни дополнителни напори од сите засегнати чинители за подобрување на деловното опкружување и поттикнување на жените да започнат сопствени деловни потфати.

Националната платформа за женско претприемништво, со активностите на вмрежување на стеикхоледите, креирањето предлог политики, обуките и промовирањето на можности и успешни примери за женско претприемништво е посветена на зголемување на факторите на мотивација и подобрување на условите во опкружувањето, со цел да се поттикнат жените за создавање на сопствен бизнис и нивно економско јакнење.

Валентина Дисоска,
претседателка на Здружението на бизнис жени и
Националната платформа за женско претприемништво

2022 година



## АЛЕКСАНДРА МУРГОСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА LIMITTLES SOLUTIONS

“

ЈАСНА ВИЗИЈА, МИСИЈА, ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ СЕ ФУНДАМЕНТАЛНИ АЛАТКИ ЗА БИЛО КАКОВ ВИД НА ЛИЧЕН ИЛИ ПРОФЕСИОНАЛЕН УСПЕХ

**Што е суштината на бизнисот на Александра?**
Limitless Solutions е компанија која е основана во 2019 год., само неколку месеци пред глобалната пандемија. Како компанија, се занимаваме со обезбедување на сеопфатни услуги поврзани со различни бизнис консалтинг за потребите на интернационални клиенти најчесто во делот на аутсорсинг, посредништво при интернационално и локално рекрутирање, маркетинг и друг вид на канцелариско работење. Интернационалните компании постојано бараат иновативни решенија за намалување на нивните трошоци и зголемување на нивната конкурентност на глобални пазари, па оттука релативно ниските трошоци во Македонија, во комбинација со понудениот висок квалитет на работна сила, се огромна предност за наше добро позиционирање на глобалниот пазар. Во моментот работиме со клиенти од Турција, Израел и САД.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Слободното време најчесто го поминувам на сонце и покрај вода со квалитетно друштво, а понекогаш и сама. Обожавам да го пијам утринското кафе покрај море. Мојата прва љубов е кошарката и неколку пати во текот на неделата играм кошарка, а во пролет и лето, играм и тенис. Се трудам да медитирам секојдневно да се поврзам со спиритуелниот дел од себеси, да ги прочистам мислите, да се регенерирам и да ја поттикнам креативноста во себе, а тоа ми помага и во придвижување на Limitless на остварување на поголеми цели и успеси. Верувам дека добрата организација и стратегија со однапред планирани цели се клучни во постигнувањето на билансот помеѓу приватниот и професионалниот живот.

**Кој е советот на Александра за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Сметам дека јасна визија, мисија, принципи и вредности на делување се фундаментални алатки за професионален успех. Исклучително важно е и да развиваме средина на доверба и тимска работа, за да секој од нас може да го прави тоа што го сака, го умее и може да даде најмногу од себе. Верувам дека една од најважните работи кај нас жените е да ги елиминираме личните стравови и што поскоро да почнеме да превземаме ризици, затоа што превземањето на ризици како и падовите не придвижуваат се поблиску до успехот.

Повеќе на weradio.mk



NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## ДАНИЦА ЛИЧАНИН БЛАЖЕСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА РЕПТИЛ МАРКЕТИ

“

КЛИЕНТИТЕ ТРЕБА ДА ГИ СТАВИМЕ НА ПРВО МЕСТО И ДА БИДЕМЕ ИСКРЕНИ ВО НАМЕРАТА ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ ВО РЕШАВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ И ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ

**Што е суштината на бизнисот на Даница?**
Ние почнавме од еден маркет, наследен со се старо во него - од рафтови, преку продукти, до вработени. Со многу напорна и заедничка работа со нашиот тим, на почетокот честопати и по16 часа на ден, како и со постојаното воведување на нови производи и процеси во работењето, успеавме да останеме свои, но и да опстанеме со добар рејтинг на пазарот. Денес, Рептил маркетите се присутни повеќе од 23 години на пазарот. Покрај 15те маркети, „Рептил" не застана на традиционалниот начин на пазарење, туку ја следи динамиката на брзиот живот и недостатокот на време, па затоа отвори и нов канал за онлајн купување.

**Како Даница постигнува баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Моето време се викендите, кои ги користам претежно за работа во двор. Имам моја пасија и хоби – сакам да реставрирам стари работи и да им давам нов лик. Тоа ме опушта и исполнува. Слабост ми се и патувањата, за кои се обидувам да одвојам време барем петпати во годината. Овие активности се она што ми дава енергија да ги надминувам предизвиците во бизнисот.

**Кој е советот на Даница за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Како особено важна ја издвојувам соработката и вмрежувањето на жените претприемачи. Националната платформа е одлично место да се почне со тоа. Клучно е и да се создаде добар тим. Без тимска работа, бизнисот нема да има успех. Секако, клиентите на бизнисот треба да ги ставиме на прво место и да бидеме искрени во намерата да им помогнеме во решавање на нивните проблеми и задоволување на нивните потреби.
Многу е важно жените кои сакаат да почнат свој бизнис, да не се двоумат премногу. Првиот чекор треба да биде креирање на план за себеси и бизнисот и да почнат. Предивизици сигурно ќе има, но вложениот труд вреди, а со посветеност и умешност, ќе дојде и успехот.

Повеќе на weradio.mk

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP



## СУЗАНА НАУМОВСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА ИЗИДА СПА

"

КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА УСПЕХ ВО БИЗНИСОТ Е МОМЕНТОТ НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НОВАТА ИДЕЈА ВО ВИСТИНСКО ВРЕМЕ, ПРИДРУЖЕНА СО СООДВЕТНИ ВЕШТИНИ И ПРИНЦИПИ ВО РАБОТЕЊЕТО

**Што е суштината на бизнисот на Сузана?**
Со мал почетен капитал, со голема љубов и верба во козметиката, со поддршка од семејството и покрај големата недоверба од целото опкружување, започнав сопствен бизнис во козметиката под мотото на божицата Изида „Преобразба и плодност". Моето незадоволство од работа во државна институција, немањето можност за искажување на моите креативни способности и чувството за неискористеност на сопствениот капацитет, ме натера на возраст од 21 година да започнам сопствен бизнис. Исто така, успешното санирање на сопствениот проблем на акнозна кожа, ме мотивираше да го пренесам моето искуство и да им помогнам на другите. Првичниот мал козметички салон прерасна во мини СПА центар со најсовремена ИПЛ & ИРФ (ласерска радиофрекфентна) технологија и стручен тим вработени, со што стана неразделен дел од севкупната туристичка понуда на регионот во велнес и спа.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Мојата работа е поврзана со релаксација и уживање. Затоа, често кога работам, воедно уживам и обратно. Охридскиот регион ми пружа многу можности за релаксација - планинарење, пешачење, пливање и камперски живот покрај Охридското Езеро. Затоа и велнес и спа програмата ја пренесовме надвор на отворено, со понуда на етно масажи и езерски ритуали. Уживам и да приготвувам традиционална храна, како и да читам книги. Сепак, своето слободно време најмногу сакам да го поминувам со своите две ќерки.

**Кој е советот на Сузана за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Економската независност на жените е многу важна, бидејќи така можат да се реализираат на професионален план, да ги остварат своите соништа и амбиции, да бидат постабилни во носење одлуки како мајки, сопруги, лидери. Еден од клучните фактори за успех во бизнисот е моментот на реализирање на новата идеја во вистинско време, придружена со соодветни вештини и принципи во работењето. Секако, потребна е и креативност, работливост и финансии. За да може бизнисот да опстојува и на долг рок, нужно е постојано да сме во движење, да се надградуваме, да посетуваме обуки, семинари, работилници...

Повеќе на weradio.mk



NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## ВАЛЕНТИНА КРМОВА

СОПСТВЕНИЧКА НА ФРИЗЕРСКИ САЛОН КОНТЕСА

“

ВО БИЗНИСОТ СЕКАКО ИМА ПОДЕМИ И ПАДОВИ,
НО АКО ИМАМЕ ВИЗИЈА, НЕМА ОТСТАПУВАЊЕ

**Што е суштината на бизнисот на Валентина?**
Јас сум образуван одделенски наставник, кој само една година работеше на струката. Не бев задоволна од таа професија и сфатив дека сакам да ја променам со обид во креативна кариера и претприемништво. Решив да отворам фризерски салон и почнав во една просторија со 25 квадрати. Фризерскиот салон Контеса постои веќе 27 години, а во тек на неговото постоење бевме и ексклузивни дистрибутери на производите Контеса, како и основачи на Едукативен центар, чија програма е поддржна од МОН, а дипломите се признати во целиот свет. Предизвици има многу, честопати работевме и по 16 часа на ден, а во време на основањето на бизнисот имав и две мали деца. Сепак, со поддршката од семејството не бев оставена сама и со мојата желба и решителноста, успеав да ги надминам тешкотиите кои се јавуваа.

**Како до баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Со моето темпо на работа, немам многу слободно време, затоа што сопствениот бизнис бара голема посветеност. Сепак, кога ќе го скројам денот да имам слободно време, целосно се вложувам во дружбата со мојот внук Давид, кој откако се роди, стана центарот на мојот свет. Слободните мигови му ги посветувам нему, но повремено, уживам и во дружба со пријателки или во убаво, но најчесто кратко патување.

**Кој е советот на Валентина за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Кај нас не е еднаков пристапот до можности меѓу мажите и жените. Во Европа на пример, обврските во домот помеѓу мажите и жените се поизедначени, поради што можностите за влез и напредок во претприемништвото за жените се поголеми. Жените претприемачи треба да научат да ги користат тие можности, да остваруваат соработка и контакти. Дополнително, треба да се информираме за постојните програми за поддршка на жени претприемачи, кои многу го олеснуваат стартот на еден биснис на пазарот, како што се на пример, АВРМ со средства, Платформата за информации и насоки, Занаетчиската комора за услужни дејности или пак, ние, со Едукативниот центар. Доколку размислуваме за сопствен бизнис, не би требало премногу да се двоумиме.

Повеќе на weradio.mk



## ОЛГИЦА ЃОРЃИЕВА

МОДНА ДИЗАЈНЕРКА

> ПРЕДИЗВИЦИ ИМА ВО СЕКОЈА ПРОФЕСИЈА, НО ТОА Е УБАВО, ЗАТОА ШТО АКО НЕМА, ЗНАЧИ ПАТУВАЊЕТО ЗАВРШИЛО. БИ БИЛА СРЕЌНА ДА ИМАМ ШТО ПОВЕЌЕ ПРЕДИЗВИЦИ, ЗА ДА ГИ РЕШАВАМ

**Што е суштината на бизнисот на Олгица?**

Ако погледнам station наназад на своето патување наречено мода, ова е изборот во мојот живот во кој не сум погрешила. Во одреден момент се најдов на право место, во право време. На еден настан имаше присутни луѓе од Австрија на кои им се допадна тоа што го работам и побараа да бидам ангажирана за работа за австриската продукција за костими за балетска претстава во Грција. Потоа, истата продукција ме ангажираше и за претстава „Ајде на валцер“ во Виена. Потоа дојде балетската претстава во Словенија и искуството се заокружи во еден креативен спој од кој сум многу задоволна.

Работам со интернационален тим и искуството е непроценливо. Многу сум благодарна за оваа работа, која ме направи посигурна и посамоуверена, затоа што добив важна потврда за мојата работа. Во вакви потфати секогаш има мала несигурност на почетокот, но истата поминува со тек на време, кога имате позитивен фидбек.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**

Креативноста е дел од мојот професионален и приватен живот, таа е насекаде околу мене. Патувањата ми се предизвик и секогаш кога ќе се вратам од патување сум Олгица од некоја друга димензија. Читањето на убава книга многу ме релаксира, сликањето исто така, но многу често немам време да направам се што сакам. Не можам да разберам како на некои луѓе им е здодевно, бидејќи мене никогаш не доаѓа ред да ми стане здодевно.

**Кој е советот на Олгица за (потенцијалните) жени претприемачи?**

Сметам дека во секој бизнис е потребна конекција, информација и поддршка. Точно ова го обезбедува и Платформата. Човек треба да побара, да праша – лично, преку вакви платформи сум добила многу и како важни информации и како познанства со луѓе кои ми помогнале да напредувам. Многу е важно да бидеме мотивирани и трпеливи на патот кон успехот. Јас сум моден дизајнер кој почнал од нула и постигнал успех на кој се гордеам. Не треба да се брза на патот на развој на бизнисот, туку да се ужива во процесот. Остварување на својот сон преку развој на бизнис треба да ни донесе и извесно уживање во сето тоа. Предизвици има во секоја професија, но тоа е убаво, затоа што ако нема, значи патувањето завршило. Би била среќна да имам што повеќе предизвици, за да ги решавам.

Повеќе на weradio.mk




NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## ВИКТОРИЈА РАФАЈЛОВСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА ВИКТОРИЈА – БОБ ДОО

"

СЕКОЈ ДЕН НОСИ НОВИ МОЖНОСТИ - ПРИФАТИ ГИ ХРАБРО И ПРОДОЛЖИ

**Што е суштината на бизнисот на Викторија?**
Нашата компанија се занимава со сметководство и сметководствено-консалтинг услуги, со физички и правни лица, со даночна политика и сето она што е поврзано со финансии. Неодамна славевме јубилеј од 10 години постоење и активна работа. Во работата се соочуваме со секојдневни предизвици, но основното мото по кое се раководи нашата компанија е "Секој ден носи нови можности - прифати ги храбро и продолжи". Ова мото е запишано во канцеларијата и постојано го повторуваме во текот на решавањето на секојдневните предизвици. Наша препознатливост во работењето е и фокусот на задоволни клиенти, на кои им приоѓаме со насмевка, позитивна мисла и отворен разговор, со што честопати им помагаме и самите да го најдат решението на своите проблеми. Во овие 10 години се потрудивме со квалитетна работа да стекнеме доверба и да имаме значаен број на клиенти.

**Како до баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Кога сте дел од бизнис во областа на економијата, а воедно и мајка и домаќинка, ретко се случува да има многу слободно време. Сепак, кога ќе се организирам на начин да си го овозможам, се трудам да излезам од секојдневието и најмногу се реласкирам со дружба со пријателите кои ми се блиски, што ми дава една убава нова енергија. На прво место во животот секако ми се семејството и децата, но не помалку се грижам и за клиентите и компанијата, која всушност ми е како трето дете.

**Кој е советот на Викторија за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Жена, мајка, кралица, се трите карактеристики и улоги кои ги поседува секоја жена. Ова мора да признаеме дека е тешко, дури и невозможно на моменти. Сепак, со создавање на услови за женското претприемништво, што е една од целите на Платформата, се пружа дополнителна поддршка за реализација на жените и во улога на претприемачи. Во однос на таа улога, нужно е да сме ориентирани кон вмрежување и едукација. Дополнително би порачала дека сите што се мислат, да не се плашат и со својата мисија и цел, да почнат. Жените се истрајни и треба да се борат за своето место под небото.

Повеќе на weradio.mk



## ЕЛЕНА ВАСИЛЕВСКА ЃЕОРГИЕВА

СПЕЦИЈАЛИСТ ПО ОРТОДОНЦИЈА И
ОСНОВАЧКА НА ПОЛИКЛИНИКА ДЕНТА ЕС

> “МОРАМЕ ДА БИДЕМЕ СВЕСНИ ДЕКА ВО СОПСТВЕН БИЗНИС ИМА МНОГУ ПРЕДИЗВИЦИ И МНОГУ РАБОТА, НО, КОГА БИ МОЖЕЛА ДА СЕ ВРАТАМ 17 ГОДИНИ НАНАЗАД ВО ВРЕМЕТО, ПОВТОРНО БИ ГО ОДБРАЛА ИСТОТО

**Што е суштината на бизнисот на Елена?**
Веќе 17 години постоиме во светот на стоматологијата. Почнавме со ординација, а сега имаме поликлиника. Работиме со мојот сопруг и уште еден наш колега, а веќе броиме и 25 вработени од разни профили. Предизвици имаше многу и се уште ги има, а се од различна природа. На почетокот се боревме за клиенти, а сега работиме на тоа да бидеме се подобри и да нудиме квалитетни услуги на нашите клиенти. Голема предност ни е фокусираноста на постојана едукација. Редовно посетуваме семинари и конференции за совладување на модерни техники во дијагностика и лекување, работа на најсовремени зафати со модерна апаратура. Исто така сум и лиценциран едукатор за пасивни ортодонски самолигирачки системи – Дамон систем, што ми е голем професионален предизвик и задоволство.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Бидејќи со сопругот работиме заедно, приватниот и професионалниот живот ни е доста испреплетен. Сепак, со тек на време научивме и да ги одвојуваме улогите помеѓу едниот и другиот наш свет. Пред пандемијата патувавме често, но воглавно поврзано за професионално доусовршување. Всушност, честопати се случуваше патувањата да ги комбинираме со приватно задоволство. Понекогаш на тие патувања ги носевме и нашите два сина. Се обидувам повремено да најдам и време за работа на себеси преку медитација, јога и себеспознавање. Тоа е она што ми дава нова енергија

**Кој е советот на Елена за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Потребно ни е место каде жените од бизнис светот ќе се обединат и ќе имаат можност за навремено и брзо добивање на разни информации. Затоа ја поздравувам идејата и реализацијата на Националната платформа за женско претприемништво. Во однос на жените како претприемачи, важно е да бидеме цврсто решени што точно сакаме да работиме, пред да основаме сопствен бизнис. Осбено е важно да научиме внимателно да го планираме извршувањето на секојдневните обврски, за полесно да се соочиме со нив.

Повеќе на weradio.mk



## АНДРИЈАНА СРЧОКОВА
## АНА ЈОРДАНОВА ДУБРОВСКА
СОПСТВЕНИЧКИ НА МЕЛЕМ ОД ВКУСОВИ

"

ЖЕНИТЕ ТРЕБА ДА ИМААТ ЦЕЛ И ВИЗИЈА И АКО СЕ РЕШЕНИ ДА ПРОБААТ, НЕМА СИЛА ШТО МОЖЕ ДА ГИ ЗАПРЕ

**Што е суштината на бизнисот на Андријана и Ана?**
„Мелем за вкусови" е салата - бар кој се наоѓа во ТЦ Буњаковец. Почнавме да работиме во 2020 година во ек на Корона пандемијата. Се охрабривме со цел да им помогнеме на луѓето да сфатат дека исхраната е дел од начинот на живеење и затоа што сакаме нашите потрошувачи да имаат опција за здрава исхрана. Сѐ се подготвува на дневна основа, на база на стандардно мени и мени со нарачка. Нашето работење го карактеризираме како еколошки освестено, со реупотреба на тегли кои го задржуваат вкусот на состојките. Во стандардното мени имаме свежи салати искомбинирани со продукти кои држат ситост како грав, леќа и просо, со цел да се добие баланс во организмот. Имаме и житни оброци, направени од пченица, овес, снегулки, искомбинирани со свежо овошје и мед. Во менито нудиме и врапови, сендвичи, смути и цедени сокови. Во суштина, произведуваме храна која содржи соодветен баланс на протеини, здрави масти, јаглехидрати, витамини, влакна и минерали, а исто така доминираат производи од македонско поднебје.

**Како до баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Со оглед на фактот дека сме релативно нови во бизнисот, работа има премногу и времето за приватен живот е значително скратено. Понекогаш, по цел ден сме зафатени со обврски околу работата. Сепак, како секој човек, така и ние се обидуваме да издвоиме мигови кои ќе ги посветиме себеси и на семејството. Двете уживаме во возење велосипед или пешачење, како активности кои ни помагаат да се релаксираме. За време на слободните викенди приоритет ни се прошетки во околината, а повремено знаеме да организираме и по некое кратко патување.

**Кој е советот на Андријана и Ана за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Добро е да имаме на ум и дека за секој бизнис е важно да има доволно потрошувачи. Од нашето искуство научивме дека препораката е многу важен дел од пристапот до клиенти. Потребно е и да размислуваме на долг рок, а не само краткорочно, за да си обезбедиме услови за развој и во иднина. Жените треба да имаат цел и визија и ако се решени да пробаат, нема сила што може да ги запре.

Повеќе на weradio.mk



NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## СТАНКА МАРТИНОВСКА

ОСНОВАЧКА И УПРАВИТЕЛКА НА МАНИ КОНСАЛТИНГ

> НИШТО НЕ Е СТРАШНО, ИМАМЕ МНОГУ МОЖНОСТИ И ТРЕБА ДА СЕ ИСКОРИСТАТ

**Што е суштината на бизнисот на Станка?**

Мани консалтинг е компанија лиценцирана во советодавен дел, фонд за иновативност, ИПАР проекти, ЕБРД проекти, комуникација со банки и др. Фирмата ја основав 2017та година, после 25 годишно искуство во областа на финансии, контролинг, проекти и менаџмент. Работев во голема компанија, веледрогерија во која од една аптека стигнавме до ланец од аптеки, странски инвеститори, медијација и арбитража, развој на повеќе проекти. Сето знаење наведе на тоа да отворам своја компанија за да го споделам знаењето. Овој чекор беше еден нормален развој како резултат на моето претходно стекнато искуство. Со нашите клиенти работиме на комплетна услуга од од идеја до реализација, развој на стратегија, можности за финансирање и ги следиме во целиот процес од проект до реализација на истиот.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**

Покрај бројните работни обврски, најубавиот дел од животот е тоа што сум дел од среќно семејство со сопругот, синот и ќерката. Со нив ги поминувам најубавите слободни моменти и воедно, тие се и мојата најголема поддршка. Патувањата исто така ми се предизвик и големото уживање. Сега, под влијание на пандемијата, од подалечни дестинации ги префрлив на територија на нашата држава, која нуди прекрасни места за уживање, одмор и релаксација.

**Кој е советот на Станка за (потенцијалните) жени претприемачи?**

Првата подадена рака кога одлучив да бидам претприемач беше од страна на Здружението на бизнис жени, кое сега е дел од креаторите на Националната платформа за женско претприемништво. Можностите за вмрежување, заеднички настап и поддршка се многу важни. Исто така и едукацијата е многу важна и треба да е постојана. Живееме во брзо време и затоа се мора да се следи. Работиме со многумина кои сакаат да почнат свој бизнис и сфативме дека за да станат претприемачи, прво треба да го победат стравот. Стравот е она што ги блокира. Во суштина, ништо не е толку страшно и ако не се успее има втора шанса. Мојата порака е: „Ништо не е страшно, имаме многу можности и треба да се искористат".

Повеќе на weradio.mk



## НАИЛЕ ЕЛЕЗИ

НЛП МАСТЕР – BRAIN TREE

ЦЕНТАР ЗА ЛИЧЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

"

АКО САКАМЕ ДА СМЕ КОНКУРЕНТНИ И КВАЛИТЕТНИ ТРЕБА ДА СЕ РАЗВИВАМЕ И ДА СЕ УСОВРШУВАМЕ СЕБЕСИ

**Што е суштината на бизнисот на Наиле?**
Brain Tree е центар за обука на невро-бизнис, т.е. центар за обука и консултации. Центарот и јас, сме единствени акредитирани на интернационално ниво и главно држиме обуки за неуролингвистичко програмирање, држиме индивидуални сесии, според потребите на компании или индивидуи, во сферите и на личен и на професионален развој. НЛП повеќе од 40 години е најпознат психолошки модел за комуникација. Моделот претпоставува дека успехот се учи и може да биде креиран, а не е наследен. Тоа е всушност наука за развој и освестување на човекот, преку активирање на потенцијалите и е целосно применлив метод, кој може да го употребуваме во секој поглед и во различни области. Центарот го водиме заедно со Дрита Закири и главниот ангажман е водење на групи со неуролингвистичка програма, коучинг, тренинзи за личен и професионален развој.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Мојата работа како НЛП тренер е неразделен дел од мојот личен живот. Всушност, моето хоби е мојот живот. Самата професија и ангажманот во Центарот за обука од областа на професионалниот и личниот развој ми дава елан постојано да работам и на себе и да ја зајакнувам вештината како да се чувствувам среќна и исполнета во животот. Исто така сум многу задоволна кога ќе видам дека некој со кого сум работела постигнува успеси. Тоа е чувство за кое вреди да ја живеам мојата работа.

**Кој е советот на Наиле за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Ако сакаме да сме конкурентни и квалитетни треба да се развиваме и да се усовршуваме себеси. Тоа значи постојано вложување во едукација и мислам дека тоа е процес кој нема крај. Како жени, важно е да разбереме дека иако сме од различни области, можеме да имаме заеднички цели, за чие остварување треба да се вмрежуваме. Им порачувам на сите млади и жени кои размислуваат за сопствен бизнис, да го следат сонот и да бидат храбри. Штом ќе ја поставиме целта, треба да почнеме и да се движиме кон нејзино остварување.

Повеќе на weradio.mk

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP



## ФЛОРИНА ЏИНГОВА

ОСНОВАЧКА И УПРАВИТЕЛКА НА
M3DS - АКАДЕМИЈА ЗА ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ

“

БИДИ ТИ ПРОМЕНАТА КОЈА САКАШ
ДА ЈА ВИДИШ ВО СВЕТОТ

**Што е суштината на бизнисот на Флорина?**
Академијата е едукативен центар каде се работи на едукација посебно кон 3Д технологиите. Прифатена е ширум светот – нудиме курсеви и организираме настани, кои ги правиме за промовирање на технологиите. Можам нескромно да кажам дека сме многу успешни во тоа. Имам супер тим, со кој одлично се разбираме и најважно од се е што ме третираат според моите способности, а не според тоа што сум жена. Досега имаме обучено околу 4000 млади лица за 3Д технологија. Традиционално го организираме натпреварот „Game Design How To?“ за ученици, а почнавме и со организација на Меѓународна Конференција со еминентни гости. Она што е сработено, но и едукативни часови, насоки може да се најдат на нашиот јутуб канал. За иднина планираме поспецијализирани програми, многу настани и конференции.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Многу ја сакам работата и поради тоа, едно нешто во што потфрлувам е отсуството на повеќе слободно време за себе. Сепак, тоа не ми паѓа тешко со оглед на целите што ги имам зацртано и љубовта кон она што го создавам. Околу 15 години тренирав карате - спорт кој ме изгради како личност. Секој миг од слободното време го поминувам со партнерот, заедно пешачиме, а секако, повремено се дружам и со пријатели.

**Кој е советот на Флорина за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Младите девојки е потребно повеќе да ги мотивираме да започнат сопствен бизнис. Затоа, имам огромна почит за Платформа и целиот тим што ја работи, бидејќи создаваат услови во кои соработката, вмрежувањето, пристапот до информации и сл. ќе биде олеснет за секоја жена што сака да почне свој бизнис. За почнување на сопствен бизнис сметам дека е потребно да бидеме многу храбри, да ги користиме расположливите програми и здруженија за поддршка, но и можеби најважно – да бидеме дисциплинирани. Во мојот пример, дисциплината е тоа што ми помогна да истрајам за реализација на она што го зацртав на самиот почеток. Се водам по правилото: „Биди ти промената која сакаш да ја видиш во светот“ и верувам дека позитивните примери се дел од мотивацијата која може да помогне во охрабрување на другите да пробаат да ги реализираат своите идеи.

Повеќе на weradio.mk



## ВЕСНА АПОСТОЛОВСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА ЗАНАЕТЧИСКАТА РАБОТИЛНИЦА МАЛИ НЕШТА

"

КЛУЧНО Е ДА ИМАМЕ МОТИВ, ХРАБРОСТ И ВЕРБА ВО СЕБЕСИ

**Што е суштината на бизнисот на Весна?**
Компанијата „Мали нешта" постои неколку години. Првите потрошувачи ги имав преку бутик за облека кој го имав претходно. Таму всушност, преку комуникација со потрошувачите, забележав дека за овие мали нешта има интерес. Оттаму е и идејата за името на мојата мала занаетчиска работилница, во која се изработуваат дрвени производи, пред се наменети за детски соби, но и разни други предмети. Кога патувам секогаш имам навика да купувам по нешто ситно за дома. При една посета на Белград, посетив продавница со дрвени предмети кои ме освоија на прв поглед. Потоа, со помош на татко ми, кој ми помогна во изработката на предметите, почнав со овој бизнис.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Ако хобито ти стане професија, никогаш нема да имаш чувство дека нешто мора да работиш. Мене изработката на предметите ме релаксира. Отсекогаш сум сакала да креирам рачни изработки и мојот свет го најдов во создавање на овие дрвени предмети. Така се релаксирам и од самиот процес црпам голема енергија.

**Кој е советот на Весна за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Секоја жена треба најпрво сама да се реши што точно сака да прави и потоа да почне. Клучно е да имаме мотив, храброст и верба во себеси. Исто така, сметам дека Платформата е место кое е одлична основа за развој на женското претприемништво. Преку пристапот до информации и можноста за вмрежување, ја намалува неизвесноста во опкружувањето, која инаку е лоша за сите нас. За поголем успех на жените претприемачи, важно е и побрзо да ги дигитализираме бизнисите, да ги користиме онлајн платформите за продажба, а потребно е и да се отвори PayPal системот за плаќање, што со години е присутен проблем.

Повеќе на weradio.mk

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP



## КРИСТИНА ЈОВЕВСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА ЕДУКАТИВЕН И
КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР LES PETITS ESCARGOTS

“

ПОТРЕБНИ СЕ ПОДОБРИ ОПШТЕСТВЕНИ УСЛОВИ ЗА
РАЗВОЈОТ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**Што е суштината на бизнисот на Кристина?**
Пред да станам претприемачка работев во најразлични области и ангажмани, но отсекогаш сакав да работам во своја фирма. Се случи да работам на проект за поттикнување на женско претприемништво, што ми беше основа и себеси да се поттикнам и да отворам свој бизнис. Пред три години отворив училиште за странски јазици, во кое засега има часови на англиски и француски јазик. Сеуште е стартап компанија, но веќе и покрај пандемијата, се забележува значително нагорната линија по која одиме. Секој ден ми е различен. Имам многу групи, правам распоред, работам и претпладне и попладне, поради што цел ден сум ангажирана. Сепак, тоа не ми пречи, напротив ми е големо задоволство. Имам убав план на кој работам за да се оствари. Целта ми е да го проширам работењето и со часови за други јазици и дополнителни активности од едукативен и креативен карактер. Планирам да го проширам и тимот со наставнички кадар. Верувам дека следните пет години ќе бидат многу плодни.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Остварувајќи го својот сон на професионален план, наметнува животен распоред на обврски според кој професионалниот и приватниот живот се целосно испреплетени. Сепак, во слободното време, уживам кога се дружам со пријателите. Тоа, заедно со задоволството од работата ми дава најголема енергија.

**Кој е советот на Кристина (потенцијалните) жени претприемачи?**
Сметам дека се потребни подобри општествени услови за развојот на женското претприемништво. За да видиме повеќе жени во улогата на претприемачи опкружувањето треба да се унапредува во секој поглед. Сметам дека Националната платформа е добар чекор во таа насока. На жените им треба помош во организирање на дополнителните активности од бизнисот, во комбинација со постојните обврски во домот. Сеако, поддршка на секое поле е повеќе од добредојдена.

Повеќе на weradio.mk



NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## СВЕТЛАНА ПЉАКОСКА

ДИРЕКТОРКА И МЕНАЏЕРКА НА
ОЛИМПИЈА МОТОРС И ОЛИМПИЈА МОТОРС АУТЛЕТ

“

СЕКОГАШ ИМА ДВЕ ОПЦИИ - ИЛИ ЌЕ УСПЕЕМЕ ИЛИ НЕ. СЕПАК, АКО УСПЕЕМЕ, ЌЕ ГО ОСТВАРИМЕ ОНА ШТО СМЕ ГО СОНУВАЛЕ. АКО НЕ УСПЕЕМЕ, БАРЕМ НЕМА ДА НИ БИДЕ КРИВО ШТО НЕ СМЕ ПРОБАЛЕ

**Што е суштината на бизнисот на Светлана?**
Од својата 24 година сум во овој бизнис, бидејќи е семеен бизнис не сум почуствувала било каков притисок дека сум жена. Компанија деновиве го прослави својот 17-ти роденден со голема крводарителска акција. Покрај грижата за клиентите и вработените, компанијата се грижи да биде и општествено одговорна. Предизвици има на дневна основа, но мене ми се позитивни предизвици на кои работам за да се решат. Постојано размислувам како и што понатаму. Почетоците на она што го планираме за следниот период ги поставивме со увоз и продажба на електрични автомобили. Со тој чекор креиравме основа за движење по нагорна линија во следниов период.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
За мене, како дел од фамилијарен бизнис, нема многу разлика меѓу приватниот и професионалниот свет. Постојано работам, размислувајќи како да ја подобрам работата и како „Олимпија морторс“ да има позадоволни клиенти и вработени. Секој миг од своето слободно време со радост го поминувам во патувања. Тие се мојот најголем мотив и во најтешки периоди и кога имаме најмногу работа. Незаборавна дестинација која ја посетив пред 6 години е Индија, која планирам што побрзо повторно да ја посетам.

**Кој е советот на Светлана за (потенцијалните) жени претприемачи?**
На жените претприемачи им е потребно здружување, извор на информации и помагање. Платформата е основа која тоа може да го обезбеди. Доколку жените размислуваат за сопствен бизис, потребно е и да веруваат во можниот успех и да пробаат. Секогаш има две опции - или ќе успееме или не. Сепак, ако успееме, ќе го оствариме она што сме го сонувале. Ако не успееме, барем нема да ни биде криво што не сме пробале и во секој случај, тоа искуство што ќе го стекнеме при обидот, ќе биде корисно во понатамошната работа.

Повеќе на weradio.mk



**БИЛЈАНА МИТЕВА**

СОПСТВЕНИЧКА НА ЕКОПРОЕКТ КО - КОЧАНИ

“

СО УПОРНОСТ, ЕНЕРГИЧНОСТ И НЕОТКАЖУВАЊЕ,
МОЖАТ ДА СЕ ОСТВАРАТ СИТЕ ЗАЦРТАНИ ЦЕЛИ ВО ЖИВОТОТ

**Што е суштината на бизнисот на Билјана?**
Повеќе од една деценија сум во светот на бизнис секторот. Сите предизвици со кои се среќавам во текот на работата се само еден чекор поблиску до зададените цели, во областа на екологијата и заштита на животната средина. Со „Екопроект КО" - Кочани го собираме сето она што претставува товар, особено на бизнис секторот - хартијата, пластиката, електронски отпади и други матерјали и ги ставаме во повторна употреба. Ова го работиме не само во Кочани, туку и во целиот Источен регион. Па бенефитите се многустрани и видливи. За пет години ја гледам својата фирма стабилна, а тимот изграден на ниво на кое ќе може и самиот да раководи и работи со неа.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Енергијата во приватниот живот ја црпам од книгите со кои се дружам секогаш кога имам слободно време. Верувам дека позитивната енергија е основата за квалитетен живот на секој поединец. На својот личен раст и развој работам постојано со помош на една прекрасна личност, медијатор и советник за личен развој.

**Кој е советот на Билјана за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Поддршка и корисни насоки се многу потребни за жените претприемачи. Националната платформа е одличен проект, затоа што вклучува разни организации кои се одговорни за развој на женското претприемништво. Жените треба да бидат одлучни и храбри. Со упорност, енергичност и неоткажување, можат да се остварат сите зацртани цели во животот. Сметам дека нема пречка што не може да се надмине, да се прилагодиме и да продолжиме понатаму после секој предизвик.

Повеќе на weradio.mk



## КАТЕРИНА АНГЕЛОВСКА

АВТОРКА, СОВЕТНИЧКА ЗА ЛИЧЕН РАЗВОЈ, УЧИТЕЛКА ПО MINDFULNESS И МЕДИТАЦИЈА, ЕНЕРГЕТСКА ТЕРАПЕВТКА

"ТРЕБА ДА НАУЧИМЕ ДЕКА СЕКОЈ ОД НАС Е ОДГОВОРЕН ЗА САМИОТ СЕБЕ

**Што е суштината на бизнисот на Катерина?**
Пред да влезам во светот на бизнисот, работев во банка во оддел за финансии. Набљудувајќи ја работата на нашите клиентки, се мотивирав и решив од една сигурна и стабилна работа да прифатам голем предизвик и промена со сопствен бизнис. После шест години и покрај сите глобални случувања со пандемијата, јас сум задоволна жена претприемач. Во светот на живот на самоспознавање, личен развој, разбирање, афирмирање и верување дека сме креатори на сопствениот живот, влегов уште на 19 години. Своето знаење, искуство, енергија почнав да ги споделувам пред скоро 20-тина години, а во светот на женското претприемништво влегов пред шест години. Пандемијата беше период кој мене ми донесе многу позитивни ефекти во работењето. Иако студиото го затворив привремено, моите книги ги поминаа сите граници. Ги издадов на англиски јазик и се продадоа во големи тиражи. Најновата развиена програма за свесно живеење е многу ефикасна во секое поле од животот на луѓето.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Верувам дека позитивната енергија е основата за квалитетен живот на секој поединец. Читањето книги ми е пасија, а во овој период најмногу читам романи. Целта ми е во тек на еден месец да прочитам најмалку еден роман. Втората голема пасија ми се патувањата. Уживам во откривање на непознати предели секогаш кога ќе имам прилика за тоа.

**Кој е советот на Катерина за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Треба да научиме дека секој од нас е одговорен за самиот себе. Државата може да помогне до извесен степен, но сепак ние сме тие кои сме најодговорни и затоа, треба да бидеме отворени кон нови знаења, упорни и истрајни. Она што треба од најмали нозе, уште во основно образование да се учи, е вербата во себе, личниот развој, како да ги прифаќаме нештата и како да се справуваме со предизвици. Кога тоа би го знаел секој од нас од најмали нозе, ќе имаме подобар свет и поквалитетен живот и на лично и на општествено ниво. Човекот треба да посветува внимание на себеси, за да може да влијае врз создавањето на еден поквалитетен и поисполнет живот.

Повеќе на weradio.mk





## АКИЗЕ РИЗВАНЧЕ

## СЛАВИЦА ЈАНЕВСКА

ПРЕТПРИЕМАЧКИ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО СТОЧАРСТВО И ГРАДИНАРСТВО

“

МНОГУ Е ВАЖНО ДА НЕ СЕ ОТКАЖУВАМЕ И СЕКОГАШ ДА ИМАМЕ НАДЕЖ ЗА ПОДОБРО УТРЕ

**Што е суштината на бизнисите на Акизе и Славица?**
Сточарството и земјоделието воопшто, како примарна дејност е бизис кој има специфични предизвици. Во оваа работа, можеш на секојдневна основа да ги видиш плодовите од сопствениот труд. Ние се занимаваме со одгледување на овци, крави и јунци. Од нив произведуваме млеко и млечни производи за кои има побарувачка и пласман, додека продажбата на месото е малку потешка. Сепак, во работењето постојат доста предизвици и се должат на слабата поврзаност со градот, лошата инфраструктура, временските непогоди како сушите кои ги пресушуваат изворите за вода, а исто така и откупната цена на производите е ниска. Сепак, сме задоволни со она што го имаме создадено.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Во слободното време, кое не е многу големо, сакаме да се дружиме со пријателките и со семејството. Кога ќе видиме дека нашите сакани се среќни, нема поголема радост од таа. Тие ни даваат сила да продолжиме напорно да работиме, за да можеме да создадеме услови за живот за себе и семејството.

**Кој е советот на Акизе и Славица за (потенцијалните) жени претприемачи?**
На жените им е потребна поддршка, за да се решат за отварање на сопствен бизнис. Полезно е повремено да се најде начин да се работи на проекти поврзани со женското претприемништво, за да се стекнуваат нови вештини за водење на бизнис. Многу е важно и да не се откажуваме и секогаш да имаме надеж за подобро утре.

Повеќе на weradio.mk



## ЖИВКА ЃУРЧИНОВСКА

ПРЕТПРИЕМАЧКА КОЈА СЕ ЗАНИМАВА СО ЗЕМЈОДЕЛИЕ

> ЗА УСПЕХ КАКО ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ, ВАЖНО Е ДА ИМАМЕ ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ, ДА БИДЕМЕ УПОРНИ И РАБОТЛИВИ

**Што е суштината на бизнисот на Живка?**
Претприемачка сум веќе 11 години и можам да се пофалам со успешна земјоделска приказна. Пред да почнам да се занимавам сериозно со сопствен бизнис, испитував кои производи најлесно ќе ги пласирам. Така почнав со производство на лешници и поголеми количини на градинарски култури, а пред се пченка и грав. Произведувам повеќе од 4 тони лешници годишно, како и големи количини на пченица, пченка и грав, а пласманот на производите е одличен. Имам забелешка за незаинтересираноста за подобрување на условите во руралните средини, а посебно фактот дека нема градинка и нема организиран превоз до градовите. Сепак, немањето на канализација во селото е најголемиот проблем со кој се соочуваме, кој е потребно брзо да се реши. Иако се соочувам со бројни предизвици во работата, сметам дека изборот да се занимавам со земјоделство е вистинскиот избор.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Кога работиме бизнис поврзан со земјоделието, нема многу слободно време. На некој начин, приватниот живот е директно поврзан со бизнисот. Но, според потребата на секој човек, важно е да најдеме време за своето семејство и најблиските. Со нив сакам да го поминувам секој слободен миг.

**Кој е советот на Живка за (потенцијалните) жени претприемачи?**
За успех како жени претприемачи е важно да имаме визија за развој, да бидеме упорни и работливи. Може да помогне и учество во проекти како што е Национална платформа за женско претприемништво, како и искористување на постојни програми за поддршка на жените претприемачи.

Повеќе на weradio.mk

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP



## ВАСКА МОЈСОВСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА АГРО – КАЛЕМ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

“

МНОГУ РАБОТА И ЈАСНО ПОСТАВЕНА ЦЕЛ СЕ ОСНОВНИТЕ УСЛОВИ ЗА СЕКОГО КОЈ САКА ДА ПОЧНЕ БИЗНИС

**Што е суштината на бизнисот на Васка?**
Мојата лозова дејност ја започнав пред 25 години, заедно со сопругот. Почнавме со лозови насади на хектар и пол замјиште, за полека, година по година да стигнеме до 70 хектари насадена земја. Во здружението „Шира", чија претседателка сум, произведуваме маџун и други производи од грозје, и особено е важно што во здружението се работи на организирање и заедничко функционирање на пазарот. Пласманот на производите е секако најголемиот предизвик, но мораме да бидеме креативни и да наоѓаме начини како да дојдеме до потрошувачите. Еден од начините е и продажба на производите преку електронски платформи. Претседателка сум и на Федерација на фармери на Македонија, како првата жена и тоа, од рурална средина, која е на оваа функција. Горда сум што со Федерацијата сме и еден од чинителите за формирање и функционирање на Националната платформа на женско претприемништво, како потребно тело за сите жени претприемачки.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Слободното време го поминувам со семејството и мојот сопруг, како и во дружби со пријателките. Од рано детство пишувам поезија, која ме релаксира. Се надевам дека еден ден, кога ќе имам повеќе време, можеби и ќе ја испечатам. Се обидувам да одржувам позитивна енергија и широка насмевка, како начин со кој се борам со предзвиците.

**Кој е советот на Васка за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Многу работа и јасно поставена цел се основните услови за секого кој сака да почне бизнис. Сега не е проблем да се регистира бизнис, но треба да бараме начини како тој да трае и да биде успешен. Исто така е важно и да се поврзуваме со други луѓе во бизнисот, затоа што заедно можеме повеќе отколку ако се обидуваме и настапуваме исклучиво сами.

Повеќе на weradio.mk



NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## ДАНЧЕ ЧАКАРОВСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА
АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА ЧАКАРОВСКИ

“

СМЕТАМ ДЕКА ЗА ЖЕНИТЕ Е МНОГУ ВАЖНО ДА СЕ ОБРАЗУВААТ, ДА ИЗУЧУВААТ СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ, НО И ДА СЕ ОБРАЗУВААТ ВО СТРАНСТВО ДОКОЛКУ ИМААТ МОЖНОСТ

**Што е суштината на бизнисот на Данче?**
Адвокатската канцеларија Чакаровски постои од 2005 година. Денес имаме осум вработени и се развиваме како семеен бизнис. Специјалност ни е деловно и корпоративно работење, компании, а исто така сме и консултанти на Европската банка за обнова и развој. Ние сме една од првите адвокатски канцеларии која дава услуги за Законот за јавен пристап на информации. Заради пандемијата работата беше отежната, како поради обемот, така и поради Ковид протоколите. Сепак, бизнисот во иднина го гледам како успешна семејна компанија со европски стандарди, насочена кон интернационални компании.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Лично, не можам да направам многу јасна разлика помеѓу приватниот и професионалниот живот. Работните обврски и мислите постојано ги носиме во себе, но токму поради тоа е неопходно да се направи баланс.
Она што ме карактеризира како личност е грижата за физичкото и менталното здравје, органска и сирова храна, спортување, возење велосипед, ментална јога и источна филозофија. Смеатм дека и дружењето е неопходно за да имаме социјален живот како природна потреба на секој човек. Времето го посветувам и на своето семејство, кои воедно ми е најголема поддршка како во приватниот живот, така и во кариерата.

**Кој е советот на Данче за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Голем поборник сум за економската независност на жената. Сметам дека за жените е многу важно да се образуваат, да изучуваат странски јазици, но и да се образуваат во странство доколку имаат можност за тоа. По однос на отварање на сопствен бизнис, ги охрабрувам жените да се обидат, но за тоа е потребна решителност за решавање на предизвици, искуство и знаење. Како поддршка ја препорачувам и Платформата, која може да помогне преку афирмација на жените претприемачи, пристап до информации и создавање на можности за вмрежување.

Повеќе на weradio.mk

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP



## ВЕРИЦА МИЛЕСКА СТЕФАНОВСКА

ГЕНЕРАЛЕН МЕНАЏЕР НА МДН ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА КОМОРА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

“

ПАТОТ ОД 1000 ЧЕКОРИ,
ЗАПОЧНУВА СО ПРВИОТ ЧЕКОР

**Што е суштината на бизнисот на Верица?**
Почетокот на мојата кариера е моето прво вработување во далечната 1992 година во МВР, како жена полицајка. Тоа беше прва група на жени полицајки вработена во министерството, по осамостојувањето на Македонија. Иако имав само 21 година, сепак службените задачи секогаш ме носеа во правец на обезбедување на објекти и личности од посебно значање во државата. Компанијата денес, е логичен след на настаните. Воедно, Комората ја водам веќе 12 години и со гордост можам да кажам дека со моето доаѓање на оваа позиција работев и се ангажирав во процесот на изготвување на актуелното законско решение за дејноста приватно обезбедување. Комората успеа да воспостави и свој Центар за оспособување на кадри од областа на приватно обезбедување и испитен центар за полагање за добивање лиценца за фичико и техничко обезбедување.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Во менаџирање на моето време ја земам предвид новата дефиниција за менаџери и менаџирање на време која се темели на матрицата „итно – важно“. Сепак, останува и фактот  дека моите три сина се веќе возрасни луѓе, кои несебично се навлезени во работењето во нашите семјни компании. Затоа, во овие видно изменети услови, јас наоѓам време и за моите потреби и можам да си приуштам и по некое задоволство.

**Кој е советот на Верица за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Сметам дека важи максимата „ако не пробаш, ако не се потрудиш или не инвестираш, никако не можеш ниту да добиеш“. Впрочем, патот од 1000 чекори започнува со првиот чекор. Жените треба да бидат храбри и да се обидуваат. Притоа, треба да сме свесни дека ние секојдневно, дури и во навидум најобичниот ден, носиме одлуки, независно дали се за начинот на кој семејството ќе се организира или ќе живее, дали се за член од семејтвото, за пазарење или ручек... Во суштина, е исто, само пресликано во работни услови и за финансиски бенифит, а уште поважно, за финансиска сигурност на секоја жена. Исто така, сметам дека континуираното или доживотно учење е клучно, особено во денешни услови на брзо секојдневие и рапиден развој на технологии.

Повеќе на weradio.mk



## МАРИЈА КОНЕСКА

HR МЕНАЏЕР И КОНСУЛТАНТ

ПСИХОЛОГ И ПСИХОТЕРАПЕВТ

СОПСТВЕНИЧКА НА МАША МАРИЈА

"СЕКОЈА ПРОМЕНА Е ТЕШКА НА ПОЧЕТОКОТ, ЗБУНУВАЧКА НА СРЕДИНАТА И ВОСХИТУВАЧКА НА КРАЈОТ

**Што е суштината на бизнисот на Марија?**
По професија сум психолог и психотерапевт и тоа го работам скоро 10 години, при што имам основано Центар за развој, едукација и советување МАША МАРИЈА. Во меѓувреме се доедуцирав во областа на човечки ресурси на Академија за човечки ресурси, а потоа и факултетски. Со дополнителното образование ја увидов потребата да придонесам повеќе во оваа област. Мојот пат паралелно продолжи и во анализа и истражување на HR секторот и на вработените во организациите. Целта на нашиот консалтинг е да понудиме повеќе услуги од експерти со конкретни спецификации во областа на човечките ресурси. Притоа, прво започнуваме со Центарот за анализа и дијагностика на организациски процеси, кои понатаму даваат рамка за идно работење со конкретни програми, стратегии, обуки за развој на вработените и менаџерите, развивање организациска структура и клима и сл.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Мојот приватен живот не е многу далеку од она што го пренесувам на моето работно место и на моите клиенти. Сепак, работата не ја носам дома. Сопруга сум на прекрасен човек кој ме поддржува во сите мои чекори и мајка на две интересни деца. Она што лично ме исполнува се книгите, природата и добра музика. Во скоро секој дел од денот некои од овие три работи ги практикувам.

**Кој е советот на Марија за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Во нашата држава претприемништвото е малку развиено. Малку врати се отворени, па затоа потребата од поголема помош е многу изразена. Ова не е пазар каде можеме производите или услугите да ги пласираме веднаш, не е пазар каде е ценет квалитетот, па затоа, сметам дека клучно за еден бизнис е вмрежувањето, уште при отпочнувањето на претприемачка идеја. Луѓето кои имаат идеја, не треба да останувaат во рамки на просечноста. На светот и на нашите деца им требаат идеалисти, луѓе кои прават промена! Секако дека не е лесно. Но треба да имаме предвид дека секоја промена е тешка на почетокот, збунувачка на средината и восхитувачка на крајот.

Повеќе на weradio.mk



## МАРГАРЕТА МОЈСОВСКА

ФИТНЕС ТРЕНЕР ЗА АЛТЕРНАТИВЕН НАЧИН НА ВЕЖБАЊЕ

ЕМС ФИТНЕС

"

ЗА ДА СЕ НАДМИНАТ ПРОБЛЕМИТЕ ВО РАБОТЕЊЕТО, ВАЖНО Е ДА ГО САКАМЕ ОНА ШТО ГО РАБОТИМЕ

**Што е суштината на бизнисот на Маргарета?**
Со свој бизнис започнав пред една година и во мојата стартап компанија го посветувам целото свое време и знаење. Се работи за некласичен начин на вежбање со електростимулација, со бројни предности. Најголемата предност е тоа што треба многу помалку време за постигнување на ефекти во споредба со вообичаените фитнес и спортски сали. Наша цел е на клиентите да им даваме услуга со пет ѕвезди. Во мојот план за работа и развој на прво место се клиентите.
Предност во работата ми обезбеди претходно шестгодишно искуство. За во иднина, со компанијата сакам да станеме лидери за овој пазар, со план за ширење и во другите земји, бидејќи секаде има луѓе кои сакаат да го подобрат физичкиот изглед и здравјето, како основен предуслов за ширење на пазарот.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Моја пасија е мојата работа, т.е. вежбањето и спортувањето. Исто така и планинарењето е спорт, а воедно и релаксација која многу ме привлекува. Сепак, кога имам време навистина да се опуштам, се посветувам на читање книги за личен развој и медитација.

**Кој е советот на Маргарета за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Во текот на работењето сите се соочуваме со многу проблеми. За да се надминат тие проблеми, важно е да го сакаме она што сме избрале да го работиме. Така, нема нешто што нема да може да се надмине. На оние што сакаат да почнат со бизнис им порачувам дека е клучно да бидат упорни и истрајни во намерата.

Повеќе на weradio.mk



NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## ЈАДРАНКА КЛАРИЌ КИМОВСКА

СОПСТВЕНИЧКА НА ВИНОТЕКА - БИСТРО WINE BERRY

"

ПРОЕКТОТ НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА Е ОДЛИЧНА МОЖНОСТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО БИЗНИС СВЕТОТ

**Што е суштината на бизнисот на Јадранка?**
Јас сум дипломиран инжинер биотехнолог по едукација, но никогаш не работев на струката. Мојот професионален развој е поврзан со продажба. Последниве 13 години интензивно се занимавам со вино, при што 10 години бев комерцијален директор во Стоби Винарија и на истата позиција, уште една година во Сковин Винарија. Работата ме наведе и да се едуцирам за виното, поради што се запишав и завршив на реномирана англиска школа за едукација на кадар во винската област, а покрај тоа сум вински судија на реномираниот вински натпревар Mundus Vini – Германија. Фактот дека долги години бев во винскиот свет, ме инспирираше да отворам нешто што ќе ги приближи странските вина на домашниот пазар, од каде се роди идејата за мојата винска продавница/бистро Wine Berry. Локалот е единсатвен кој нуди можност да се пробаат и видат вински етикети од многу вински региони од светот, а воедно да се добие и базична едукација за винските сорти и региони. Продавницата нуди можност да се проба голтка (sip of wine) од сите изложени вина и сами да одлучите што би сакале да пиете (на чаша) или да си купите за дома. Вината доаѓаат од различни вински региони – Нов Зеланд, Америка, Шпанија, Португалија, Италија, Франција, Јужна Африка, Словенија, Србија и како една мала, но добра селекција на вина од македонски винарии.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Во приватниот живот уживам да се дружам. Ги сакам моментите поминати во опуштена атмосфера со моето семејство, кое бескрајно ме поддржува. Исто така, сакам дружби и излегувања со моите другарки и со пријателите. Ги сакам луѓето и важно ми е да сум со нив, а ако на тоа се додаде и голтка добро вино, тоа е комбинација која најмногу ме релаксира.

**Кој е советот на Јадранка за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Проектот Национална платформа е одлична можност за поттикнување на жените во бизнис светот. Сметам дека создавањето на платформата е навистина корисно и секоја жена што сака да започне свој бизнис може да почне со посета на платформата и собирање информации кои можат да помогнат во реализација на нејзината намера.

Повеќе на weradio.mk



## ФРОСИНА ЃОРГИЕВСКА

РЕГИСТРИРАНА ЗЕМЈОДЕЛКА И
ПРОИЗВОДИТЕЛКА НА ЈАБОЛКА

"

ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА Е ПОТРЕБНО СО ПРОЕКТИТЕ ДА СЕ ОДИ НА ТЕРЕН, ЗАТОА ШТО ТАКА ИНФОРМАЦИЈАТА ЌЕ ДОЈДЕ НЕПОСРЕДНО КАЈ ПРЕТПРИЕМАЧКИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

**Што е суштината на бизнисот на Фросина?**
Јас сум инжинер технолог, а во струката работев само четири години. Од 2006 година работам во лабараторијата на Здружението на овоштари Благоја А. Котларовски во Ресен, кое е мое матично здружение, преку кое ги истражуваме почвите. Инаку, од 2009 година сум регистрирана земјоделка. Моето производство достигнува околу 200 тони јаболка годишно, а плантажите се наоѓаат во селата Езерани, Покрвеник, Болно, Царев Двор. Произведувам сите сорти на јаболка. Работата во овоштарството бара континуитет и организираност, иако освен бербата, се друго е механизирано. Предизвици има во целиот процес, особено со климатските промени во последниве години, но дополнителен голем предизвик е и пласманот.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Мое хоби е читањето различен вид на литераура. Ме исполнуваат и улогата на сопруга и мајка на син и ќерка. Остатокот од времето го поминувам работно, посветена на моето производство.

**Кој е советот на Фросина за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Голем проблем за жените претприемачи е немањето на општа државна политика, како и недоволното анимирање на жените претприемачи од рурална средина, кои честопати се соочуваат со дополнителни проблеми во секојдневната работа. За подобрување на состојбата е потребно со проектите да се оди на терен, затоа што така информацијата ќе дојде непосредно кај претприемачките во руралните средини. Добро е што Националната платформа работи во таа насока.

Повеќе на weradio.mk



NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## ИРЕНА ПОПОВИЌ

СОФТВЕРСКИ ИНЖЕНЕР И КОСОПСТВЕНИК НА СОЛС

> „ГИ СОВЕТУВАМ МЛАДИТЕ ДА БИДАТ ХРАБРИ, ОДЛУЧНИ И ДА РАБОТАТ НА СЕБЕ

**Што е суштината на бизнисот на Ирена?**
СОЛС е стартап компанија, која ја работам со партнер. Имам 20 години искуство во ИТ областа во голема компанија, кое сакав да го искористам продуктивно и одлучив да почнам нешто ново. Сметав дека после многу години искуство, ќе се каам ако не пробам нешто ново. Така се одлучив за овој чекор. Како гранка ја одбравме текстилната индустрија, затоа што има клиенти кои се заинтересирани за неа, а ние најдовме "јазови" кои би можеле да ги пополнуваме и да бидеме успешни. Интернационалните компании ни се голем предизвик и имаме убава соработка. Нема проблеми во можностите, а наша предност е дека нудиме квалитет и сме поевтини и поподготвени за флексибилна соработка. Тешко е додека да почне соработката, но потоа веќе немаме проблеми и се градат партнерски односи.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Во приватниот живот сакам да им бидам најдобар пример на моите деца, како и посветена сопруга на мојот сопруг. Сметам дека страста кон работата е убава особина. Сепак, покрај работата се обидувам да одржувам и активен социјален живот, да се занимавам со физичка активност, планинарење и вежбање, што ми дава енергија и прави да се чуствувам убаво во животот.

**Кој е советот на Ирена за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Ги советувам младите да бидат храбри, одлучни и да работат на себе. Вмрежувањето исто така е многу важно. Како што вели Елон Маск, американскиот Baby shower (забава за бебиња пред пораѓај) треба да се преземе како модел и во претприемништвото. Кога некоја компанија почнува со работа на пазарот, треба да се направи средба и секој од присутните ќе може да помогне на некој начин, со што се олеснува почетокот на бизнисот на жената, која со новиот потфат е пред голем предизвик. Важно е да создаваме олеснувања во процесот на развој на нови бизниси.

Повеќе на weradio.mk



## ИРИНА ТОШЕВА

МОДНА ДИЗАЈНЕРКА И
СПОСТВЕНИЧКА НА МОДНО АТЕЛЈЕ

> УСПЕСИТЕ НЕ ДОАЃААТ ПРЕКУ НОЌ,
> ЗА НИВ ТРЕБА ДА СЕ РАБОТИ

**Што е суштината на бизнисот на Ирина?**
Уште од студентски денови знаев дека кога ќе завршам со школување, ќе имам свое атеље и свој бренд. И така и се случи. Откако го завршив школувањето на додипломските студии во Скопје и магистерските во Италија, се вратив и отворив свое атеље. Како дизајнер ми е важно да покажам дека модата е повеќе од убави фустанчиња и дека може да промени многу. Користам одржливи матерјали и сакам да ги едуцирам оние кои ги носат, да им давам упатства и да ги насочувам. Во моето атеље нудам две до три колекции годишно, мали и лимитирани. Имам и уникатни парчиња за специјални прилики, но нудам и консултански и едукативни услуги. Чест учесник сум на Скопје моден викенд, а секоја колекција ми е преставувана и надвор. Сум учествувала на настани во Нови Сад, Софија, Лондон, Љубљана, Дизедлорф, на модна недела во Рига. Најголемиот предизвик кај нас е да ги мотивираш луѓето да купуваат и кежуал парчиња од моден дизајнер, за секојдневна употреба, а не само за специјални прилики. Во следните пет години, предизвик ми е да отворам бутик со брендот Мини Ирина Тошева за миленици, кој ќе биде прв на Балканот од ваков вид и ќе биде успешен.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Активист сум и член на граѓански организации.Член сум на здружението Fashion revolution, кое се залага за чиста модна индустрија. Ги обожувам и милениците. Имам две вдомени кучиња, ги сакам животните и новата колекција е посветена токму за нив. Сакам да гледам серии, да шетам, да одам на културни настани.

**Кој е советот на Ирина за (потенцијалните) жени претприемачи?**
Истрајноста, трудот и среќата се клучни. Успесите не доаѓаат преку ноќ, за нив треба да се работи. Лично, се радувам што сум дел и од Националната платформа, бидејќи сметам дека ваквите проекти поттикнуваат важни разговори, кои пак може да поттикнат и да привлечат и други да се инспирираат и да се вклучат.

Повеќе на weradio.mk



NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

## ЈАСМИНА ЈАНЕВА

СОПСТВЕНИЧКА НА ЈАСМИН КОМПАНИ

“

СЕ ШТО ЕДНА ЖЕНА САКА ДА НАПРАВИ, СО РАБОТА И ЈАСНА ВИЗИЈА, ЌЕ УСПЕЕ И ДА ГО ПОСТИГНЕ

**Што е суштината на бизнисот на Јасмина?**
Јасмин компани е на пазарот веќе две години. Основна дејност ни е откуп, пакување и пласман на мед, каде постигнуваме достојни резултати, со 10 до 20 тони откупен, спакуван и пласиран мед. Почнавме со помал обем на откуп и пласман, но постепено имаме голем раст на работата. Најголемите предизвици доаѓаат од конкуренцијата, која не секогаш е лојална, но наоѓаме начини да се справиме со таа појава. За пет години сакам мојата компанија да биде во нова, голема и модерна хала, со најсовремена механизација и многу поголеми количини на откуп и пласман на мед, и да го освоиме и меѓународниот пазар. Досега медот го пласираме само во Македонија, низ целата држава и во секој град, а сакам да почнеме и со извоз.

**За балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот?**
Голем дел од својата енергија, визија и знаење ги вложувам токму во развојот на компанијата. Сепак, секогаш наоѓам време да поминам убави моменти со мојата 14-годишна ќерка, што за мене е најубавиот и највредниот дел од животот. Прошетките со ќерката, дружењата дома, одењето во шопинг и општо разговорите со неа, ме прават вистински исполнета личност и остварена во улогата на посветена мајка.

**Кој е советот на Јасмина за (потенцијалните) жени претприемачи?**
На потенцијалните жени претприемачи би им порачала да не се двоумат, да се фатат во костец со предизвиците, затоа што се што една жена сака да направи, со работа и јасна визија, ќе успее и да го постигне. Воедно, овој проект, Платформата, носи многу предности и значајни промени во сферата на женското претприемништво. Потребно е место каде ќе се обединуваат претприемачките, каде некој ќе им помогне со совет или информација и затоа, сметам дека креирањето на Национална платформа е многу важно и корисно.

Повеќе на weradio.mk

NPWE

NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

Целта на проектот е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.